Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-150/8
Датум: 08.04.2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 150/1 од 31.01.2024 година, поднесена од [redacted] со живеалиште на адреса на [redacted] во Македонска Каменица, за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи против ООУ „Св. Кирил и Методиј" Македонска Каменица, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 05.04.2024 година, го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на работата и работните односи од страна на ООУ „Св. Кирил и Методиј" Македонска Каменица кон [redacted]

**О б р а з л о ж е н и е**

На 31.01.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 150/1 од страна на подносителката [redacted] за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи при изборот на директор на ООУ „Св. Кирил и Методиј" Македонска Каменица.

Подносителката на претставката била кандидатка за директорка на ООУ „Св. Кирил и Методиј" Македонска Каменица. Во претставката појаснува дека во врска со објавениот Оглас за избор на директор на ООУ „Св. Кирил и Методиј" Македонска Каменица, на 18.01.2024 година од страна на претседателот на училишниот одбор, телефонски добила информација дека таа не била избрана од страна на училишниот одбор. Врз основа на тоа, со неа не било спроведено интервју, туку со другиот кандидат, кој претходно во неколку мандати ја вршел функцијата в.д. директор. Подносителката истакнува дека кандидатот претходно незаконски ја вршел функцијата, од причина што немал положено испит за директор, а и покрај тоа бил назначен од страна на градоначалникот. Подносителката претпоставува дека е сторено прекршување во постапката за избор на директор, со тоа што смета дека другиот кандидат, претходно в.д. директор извршил влијание при избор на директор, присуствувајќи на состанокот на училишниот одбор. Во претставката се наведува дека на 21.01.2024 година било извршено интервју со кандидатот, од страна на советник од Бирото за развој на образованието, на кое таа како кандидатка не била повикана. Подносителката тврди дека во постапката за избор на директор на училиштето таа била дискриминирана, а особено и поради фактот што, како што наведува: *„Комисијата при одлучување веројатно ги прикрила и занемарила реалните факти за в.д. директорот, а тоа се:*

*повеќе пријави по разни основи, како за мобинг, партиски притисоци, закани, уцени, но и активни судски случаи поврзани со работниот однос. Постојат повеќе типови на непрофесионално постапување кај него и постојано ги нарушува колективните односи.“* Подносителката на претставката упатува и на неправилности во огласот за избор на директор и во постапката по огласот. Таа тврди дека постапката не била транспарентна, од причина што огласот не бил објавен на веб страницата на училиштето. Воедно, тврди дека другиот кандидат, кој бил избран за директор поднел невалидни документи.

На 22.02.2024 година подносителката на претставката до Комисијата испратила дополнување на претставката, со кое ја дополнила претставката со: Пријава на јавен оглас за избор на директор на ООУ „Св. Кирил и Методиј“ Македонска Каменица со бр. 04 – 31/2 од 11.01.2024 година и Јавниот оглас за избор на директор на ООУ „Св. Кирил и Методиј“ Македонска Каменица.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација испрати Барање за произнесување по наводите од претставката до ООУ „Св. Кирил и Методиј“ Македонска Каменица и Општина Македонска Каменица.

На 12.03.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по наводите од претставката со бр. 08 – 150/6 од Општина Македонска Каменица. Со поднесокот се оспоруваат наводите изнесени од страна на подносителката и се истакнува дека истите се во целост неосновани. Од општината информираат дека се обратиле до училиштето, со цел добивање на целосни и точни информации за утврдување на фактичката состојба во врска со постапката за избор на директор. Во прилог на поднесокот го доставиле дописот од ООУ „Св. Кирил и Методиј“ Македонска Каменица бр. 03 – 1/3 заедно со други прилози. Врз основа на тоа, во поднесокот појаснуваат дека по доставениот предлог од страна на училишниот одбор, градоначалникот на Општина Македонска Каменица донел решение за избор на директор на ООУ „Св. Кирил и Методиј“ Македонска Каменица, согласно член 115, став 14 од Законот за основното образование. Оттука, констатираат дека постапката за избор на директор била водена согласно член 115 од Законот за основното образование и поради тоа тврдат дека не е извршена дискриминација кон подносителката на претставката.

На 21.03.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по наводите од претставката со бр. 08 – 150/7 од ООУ „Св. Кирил и Методиј“ Македонска Каменица. Со поднесокот се тврди дека подносителката не била дискриминирана по ниту еден основ и дека постапката за избор на директор се водела согласно Законот за основното образование. Се појаснува дека училишниот одбор при ООУ „Св. Кирил и Методиј“ Македонска Каменица, согласно член 115 од Законот за основното образование и Одлука за распишување на

оглас на градоначалникот бр. 09 – 2050/1 од 13.10.2023 година, на 09.01.2024 година донел Одлука бр. 02 – 29/3 за распишување на Оглас за избор на директор. Огласот на 10.01.2024 година, бил објавен во три дневни весници, и тоа: Слободен печат, Коха и Нова Македонија. Согласно член 109 од Законот за основното образование, во огласот биле предвидени следните услови:

- Да е државјанин на Република Северна Македонија;
- Да има завршено најмалку високо образование;
- Да ги исполнува условите за наставник или стручен соработник во основното училиште;
- Да има најмалку 5 години работно искуство во воспитно – образовна работа;
- Да има положено испит за директор;
- Во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и
- Да има соодветен сертификат, не постар од 5 години за познавање на англиски јазик, ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) – најмалку 30 бода, ИЕЛТС (IELTS) – најмалку 3 бода, БУЛАТС (BULATS) – најмналку 20 бода или КЕТ (КЕТ) (Cambridge English) – положен или АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2).

Конкретно во однос на Огласот за избор на директор на ООУ „Св. Кирил и Методиј" Македонска Каменица, во поднесокот се појаснува дека бил објавен на огласната табла на училиштето и на влезните врати во училиштето. По Огласот прристигнале две пријави, од [redacted] По истекот на рокот, надлежната комисија за прегледување на пристигнатата документација по огласот, на 18.01.2024 година, разгледувајќи ги документите, констатирала дека кандидатката [redacted] не ги исполнува условите за познавање на англискиот, односно не поседува соодветен сертификат. Поради тоа нејзината пријава била одбиена и како кандидат до училишниот одбор за интервју бил предложен [redacted]. За истото подносителката била соодветно известена, со допис бр. 04 – 31/5 од 18.01.2024 година. Понатаму, известуваат дека интервјуто со [redacted] било спроведено на 22.01.2024 година, со членовите на училишниот одбор и претставничка од Бирото за развој на образованието, по што како предлог за директор до градоначалникот бил даден кандидатот [redacted] Истиот бил именуван за директор со Решение бр. 09 – 173/2 од 25.01.2024 година.

Во прилог на поднесокот за произнесување по претставката доставиле:

- Одлука за распишување на оглас бр. 09 – 2050/1 од 13.10.2023 година;
- Одлука на училишен одбор бр. 02 – 29/3 од 09.01.2024 година;
- Одлука за формирање на комисија бр. 02 – 29/4 од 09.01.2024 година;
- Јавен оглас бр. 04 – 31/1 од 09.01.2024 година објавен во Нова Македонија, Слободен печат и Коха;

- Пријава од [redacted] со кратка биографија, Уверение за државјанство, Уверение од Основен суд, Уверение за положен испит за директор, Уверение за положен стручен испит, Потврда за работно искуство, Диплома за завршено образование и Диплома за завршен курс по англиски јазик;
- Пријава од [redacted] со кратка биографија, Уверение за државјанство, Уверение од Основен суд, Уверение за завршено образование, Уверение за положен испит за директор, Уверение за положен стручен испит, Потврда за работно искуство и Сертификат за познавање на англиски јазик – ТОЕФЕЛ;
- Записник од комисија за прегледување на документи бр. 04 – 31/4 од 18.01.2024 година;
- Известување бр. 04 – 31/5 од 09.01.2024 година;
- Список на кандидати до училишен одбор бр. 04 – 31/6 од 18.01.2024 година;
- Записник од состанок на училишен одбор и претставник на БРО бр. 02 – 46/3 од 22.01.2024 година;
- Предлог за кандидат за директор до градоначалникот бр. 02 – 46/4 од 23.01.2024 година и
- Решение за именување на директор бр. 09 – 173/2 од 25.01.2024 година.

Од утврдената фактичка состојба произлегува дека подносителката на претставката не го направила веројатно тврдењето за дискриминација. За да се стори веројатно тврдењето за извршена дискриминација, и за да премине товарот на докажување од подносителката на претставката на посочениот дискриминатор, во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **подносителката треба да докаже дека постои причинско – последична врска помеѓу некоја од дискриминаторските основи и настанатата повреда**. Освен тоа, за да постои веројатност за дискриминација потребно е да постои и каузалност помеѓу понеповолно постапување и настанатата повреда, односно штета за подносителката, како и поврзаност помеѓу понеповолното постапување и дискриминаторската основа. Изолиран од наведеното, фактот што подносителката не била избрана за директорка на ООУ „Св. Кирил и Методиј“ Македонска Каменица не упатуваат на нееднаков или понеповолен третман. Тоа од причина што од доставените докази произлегува дека постапката за избор на директор била водена согласно законскиот пропис, кандидатите биле еднакво третирани, како и дека постапката била транспарентна. Воедно, во објавениот оглас за избор на директор биле наведени сите услови кои се предвидени со Законот за основното образование. Меѓу условите е наведен и кандидатот *„да има соодветен сертификат, не постар од 5 години за познавање на англиски јазик, ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) – најмалку 30 бода, ИЕЛТС (IELTS) – најмалку 3 бода, БУЛАТС (BULATS) – најмналку 20 бода или КЕТ (KET) (Cambridge English) – положен или АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2)“*. Од приложената пријава на кандидатката, доставена од посочениот дискриминатор произлегува дека подносителката не го исполнува конкрениот услов. Оттука, не може да стане збор ниту

за повреда на право, односно штета настаната за подносителката. Дополнително, Комисијата нагласува дека постапката за избор на директор е компетитивна, а самиот неизбор не значи дека некому му е даден поповолен третман, единствено поради тоа што е избран за директор, наспроти оној кој не е избран. Односно, фактот што подносителката на претставката не била избрана за директорка не е доволен за да се заклучи дека таа не била еднакво, односно понеповолно третирана во постапката, за разлика од останатиот кандидат.

Поради вака утврдената фактичка состојба, во недостиг на дискриминаторска основа, нееднаков третман и повреда на право кон подносителката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека не се исполнети елементите за дискриминација, предвидени со **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Заради наведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација во областа на работата и работните односи од страна на ООУ „Св. Кирил и Методиј“ Македонска Каменица кон [redacted]

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- ООУ „Св. Кирил и Методиј“ Македонска Каменица со седиште на ул. „Александар Македонски“ бр. 2, Македонска Каменица
- Општина Македонска Каменица со седиште на ул. „Каменичка“ бр. 2, Македонска Каменица